# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- Централен регистар на Република Северна Македонија се грижи за обезбедување постојана заштита на своите информациски средства од сите видови на закани со цел обезбедување на континуитет во работењето, минимизирање на штетите предизвикани од можни безбедносни инциденти и максимизирање на поволните деловни можности.
- Централен регистар на Република Северна Македонија се обврзува на осигурување на безбедноста на информациите првенствено поради законските обврски кон корисниците, како и релевантната македонска законска регулатива.
- Централен регистар на Република Северна Македонија се грижи да обезбеди заштита на информации од неавторизиран пристап, нивна доверливост и интегритет како и расположливост во време кога тие се потребни.
- Секој вработен во Централен регистар на Република Северна Македонија е одговорен за управување со безбедност на информациите со цел исполнување на барањата на системот за управување со безбедност на информации и законските прописи.
- Централен регистар на Република Северна Македонија постојано работи на одржување на плановите за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа со цел навремено исполнување на барањата на своите корисници.
- Раководството на Централен Регистар се грижи за редовно спроведување на обуки за безбедност на информации за сите вработени согласно промените и потребите на организацијата
- Централниот Регистар врши редовна анализа на ризиците и оценка на нивното влијание врз работењето со цел целата организација да биде свесна за окружувањето во кое работи за соодветно да се заштити себеси и своите корисници.
- Одговорното лице за безбедност за информации во комуникација со врвното раководство на Централниот регистар врши ревидирање на Политиката најмалку еднаш во годината со цел да осигура континуитет, адекватност и ефективност.

Скопје, 05.03.2020 година

Директор
Марија Бошковска - Јанковски